РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Бр.-Nr. 08-272/10

21.09. 2026 год.-viti

Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 70 седница одржана на 13.08.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за акредитација на студиската програма „Органско и биодинамично растително производство", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Земјоделски институт - Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје

1.Се акредитира студиската програма „Органско и биодинамично растително производство", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Земјоделски институт - Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).

2.Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2026/2027 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС кредити и со академски назив: Магистер по земјоделски и ветерунарни науки - Органско и биодинамично растително производство/ во меѓународен промет, академски, назив: Master of agricultural and veterinary sciences/MSc. in the area of organic and biodynamic farming.

Научно - истражувачко подрачје: 4 Земјоделски и ветеринарни науки; Научно – истражувачко поле: 4.01 Земјоделство, шумарство, рибарство, 4.01.01 Наука за земјиште и води, 4.01.02 Растително производство, 4.01.03 Фитомедицина , 4.05 Други земјоделски науки , 4.05.01 Агроекономика, Научно – истражувачка област: 4.01.01.01 Педологија, 4.01.01.02 Плодност на земјиштето и исхрана на растенијата, 4.01.02.01 Житни култури, 4.01.02.04 Градинарство, 4.01.02.07 Овоштарство, 4.01.02.08 Лозарство, 4.01.03.01 Фитопатологија, 4.01.03.04 Хербологија, 4.05.01.01 Економика на земјоделството, 5.02.00.01 Економија, 5.02.00.03 Менаџмент и бизнис.

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 10 студенти.

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

По предходно донесената Одлука бр. 02-142/10 од 30.01.2026 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Органско и биодинамично растително производство", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Земјоделски институт - Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.08-96/1 од 30.01.2026 година (наш бр. 08 - 272/1 од 30.01.2026 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 49-та седницата одржана на 13.02.2026 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 – 272/9 од 11.09.2026 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024). Правилник за методологијата, стандардите и доапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 70-та седница одржана на 13.08.2026 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ во Скопје
ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ СКОПЈЕ

Примено: 23.09.2026			
Орг. Един.	Број:	Прилог:	Вредност:
08	548	1	

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Зоран Марков